## LABIS – Лабораториски информациски систем

Овој информациски систем претставува надградба на NEIS (Национален Епизотиолошки Информациски Систем) , со што се воспоставува еден информациски канал преку кој се пренесуваат сите информации од лабораториските анализи до крајните корисници, ветеринарната управа и ветеринарните инспектори.

LABIS се користи во процесот на лабораториските анализи на мострите кои се донесуваат во лабораториите поради:

- Редовни годишни испитувања
- Испитувања на појавени жаришта
- Идентификација на причинителите за одредена клиничка болест
- Уништување на заболените животни
- Различни истражувања

Во LABIS се регистрира целокупното движење на донесените мостри за испитување низ различните лаборатории како и сите применети методи и болести на кои што е испитана мострата.
LABIS овозможува:

- Користење на стандардни протоколи за прибирање и препраќање на мострите за лабораториско испитување
- Дефинирање на стандардни податоци со кои се опишуваат мострите кои се даваат на лабораториско испитување
- Едноставно регистрирање и управување со сите резултати од направените лабораториски анализи на мострите
- Размена на потребните информации помеѓу лабораториите, одделението за здравствена заштита на животните и ветеринарните инспектори

Освен наведеното овој систем овозможува и:

- Целосна автоматизација на процесот на подготовка на фактури за извршените услуги за направените лабораториски анализи, со што , во секој момент може да се добие комплетна финансиска состојба во лабораториите
- Пресметување на потрошеното време за лабораториска анализа на секоја мостра, од моментот на прием до моментот на предавање на финалните резултати од испитувањата

*Развојна SW платформа*

- Borland DELPHI
- Fast Report
- MS – Windows 2000 Server / Windows 2000 Pro.
- MS – SQL Server

*Крајни корисници*

- Одделение за здравствена заштита на животните при Министертвото за земјоделие, шумарство и водостопанство на РМ
- Ветеринарен институт Скопје
- Локални ветеринарни лаборатории низ Р. Македонија
- 16 ветеринарни станици низ Р. Македонија